ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

# ПРОГРАМА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАВОЈ НА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО ЗА 2026 ГОДИНА

Декември 2025

Врз основа на член 22 став 1 точка 3, член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 15 став 1 точка 3, член 21 став 1 точка 11 и член 45 од Статутот на Општина Валандово на петтата редовна седница одржана на 26.12.2025 година, донесе

# ПРОГРАМА

# ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО ЗА 2026 ГОДИНА

## 1. Вовед

Специфичните стратегиски приоритети за развој на локалната економија, факторите кои го условуваат економскиот раст, бизнис заедницата, граѓанското општество и технолошкото знаење се дел од процесот на планирање на програмата за поддршка на локалниот економски развој. Истата треба да овозможи директно поместување на границата на производните можности, односно преку процес на иновации и инвестиции да создаде заедничка визија за подобри услови кон одржлив локален економски развој.

Во процесот на планирање иницијативите ќе имаат јасно определена содржина, која ќе одговара на локалните проблеми. Вклученоста на цела мрежа луѓе и институции претставува клучен елемент за локалниот економски развој. Физичкиот и човечкиот капитал, природните ресурси и технолошкото знаење се фактори кои доколку правилно се искористат во голема мера ќе ја унапредат конкурентната способност на локално ниво, а истовремено ќе допринесат за промовирање и создавање дополнителна вредност на локалните бизниси, самовработување и вработување на локалната заедница. Соработката, меѓусебната доверба, посветеноста на одбраните субјекти, нивната експертиза, кредибилитет во локалната средина и нивното влијание во планирањето на процесот на локален економски развој ќе овозможат развој на активности соодветни на нивото на економска развиенот и поставување јасни остварливи и мерливи цели. Воспоставувањето механизми ќе ја исцртаат развојната патека кон посакуваната крајна цел и ќе го придвижат економскиот развоен процес во нагорна линија.

Имајќи ја предвид јасната претстава за пазарниот механизам и двигателите на локалниот економскиот пораст, постојната конкурентна позиција и начинот на функционирање, програмата за поддршка на локалниот економски развој преку воведување различни видови стимулации, пристапи и активности предвидува мерки за подобрување на деловното опкружување. Битно да се спомене е дека сите мерки кои ги предлага и презема локалната власт се индиректни и поттикнувачки, со што се овозможува откривањето на најдобрата практика за развој и одржлив економски раст да припадне на локалното население, бидејќи подготвеноста за активно учество на заедницата е пресудна за успешно спроведување на иницијативите наведени во Програмата за поддршка на локалниот економски развој.

## 2. Цели на програмата

Основна цел на Програмата е да се даде придонес на локалниот економски развој преку реализација на планираните активности согласно развојните стратешки определби на Општина Валандово.

- Континуиран развој на капацитетите на општина Валандово за привлекување инвестиции, намалување на невработеноста преку развој и реализација на проекти, како и промоција на општината. Активна имплементација на добиените и аплицирање на нови проекти од домашни и меѓународни фондови.
- Следење и имплементација на стратегиите за развој на Општина Валандово.
- Динамичен локален економски развој преку континуирано зајакнување на капацитетите за привлекување инвестиции и овозможување добра бизнис клима за развој на јавните приватни партнерства.
- Искористување на расположиви домашни и меѓународни фондови.
- Континуирано подобрување на енергетската ефикасност.
- Зајакнување на административните капацитети за стандарди, обуки и тренинзи за имплементација на проекти.
- Зајакнување на капацитетите за бизнис и туристичка промоција на општината на домашен и меѓународен план.

## 3. Активности

3.1 Подготовка на проекти и проектно управување

Една од круцијалните активности, претставува подготовка, аплицирање и имплементација на проекти во најразлични области, финансирани од домашни и меѓународни донатори, програми, фондации, амбасади и сл. Процесот на имплементација на проектите претставува сложена активност која бара прецизно планирање и реализација како на проектните активности, така и на предвидениот проектен буџет. Според утврдените правила за апликација за одредени проекти, во зависност од донаторот, покрај обезбедената донација предвидена во проектот, како неопходност се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество кои мора да се запазат како прв услов за аплицирање за одреден проект. Секој донатор определува посебни услови кои локалната самоуправа треба да ги обезбеди како составен дел.

3.2 Подигнување на капацитетот на човечките ресурси за подготовка на проекти и проектно управување

Успешноста на реализација на зацртаните проектни активности на вработените во Одделението за локален економски развој е најдиректно поврзано со степенот на нивната обученост и стручност. Бидејки се работи за сложена и комплексна проблематика согласно Европските стандарди, неопходно е континуирано подигнување на капацитетите на човечките ресурси во Одделението за локален економски равој. Доказ за важноста на оваа проблематика е и тоа што во Европските претпристапни фондови (ИПА), цела една компонента е посветена токму на овој процес на континуирано стекнување на нови знаења и приближување кон европските

стандарди. Оваа програма за подигнување на капацитетот на човечките ресурси, планирано е да се оствари преку:

- учество на стручни обуки, тренинзи, семинари, работилници, конференции;
- превод на стручна литература;
- консултантски услуги за специфични проектни активности и
- воспоставување на партнерства неопходни во проектните апликации.

3.3 Изработка на урбанистички планови

- Општина Валандово, активно работи на процесот на урбанизација на сите населени места. Во рамки на тоа, во 2026 општината ќе продолжи да работи на донесување на детални урбанистички планови за населените места Балинци, Марвинци, Чалакли, Прстен, Башибос, Кочули, Собри, Удово и Дедели. Проектот е финансиран од страна на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.
  - Вкупна вредност на проектот 6.467.881,00 денари;

- Во текот е 2026 година, ќе се работи и на изработка на детални урбанистички планови за град Валандово. Во моментот се работат ДУП за блок 3.1 и ДУП за блок 1.2, овие планови се финансират од Буџетот на Општина Валандово. Во 2026 година ќе се отпочне со изработка и на останатите Детални урбанистички планови во градот Валандово;

- Општината донесува измена и дополна на одобрена планска документација на Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс ЕУРО ХОРМОНЕС ДОО измена и дополнување во атар на КО Раброво, Општина Валандово;

- Во 2026 година ќе се продолжи со измени на урбанистички план за село Јосифово;

3.4 Реализација на проекти

Општината во 2026 година, активно ќе работи на имплементација на проекти за кои се обезбедени финансиски средства, на проекти за кои е изработена техничка документација и чија реализација ќе започне по обезбедување на финансиските средства, како и на подготовка на проекти за кои дополнително ќе се изработи техничка документација и ќе се аплицира за финансиска поддрешка.

- Изградба на нова детска градинка во населено место Пирава.
  Проектот ќе се финансира од Министерство за труд и социјална политика со вредност од 27.861.000,00 денари;
- Изработка на техничка документација за изградба на канализационен систем во населено место Чалакли;
  Проектот е финансиран од Министерството за животна средина и просторно планирање. Обезбедени се финансиски средства од 3.500.000,00 денари за изработка на основен проект и урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура. Доколку се обезбедат дополнителни средства истиот ќе се реализира.

- Изградба на дел од  колектор за град Валандово, дел 1;
  Проектот ќе се финансира од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање.
  - Вкупна вредност на проектот 21.647.000,00 денари.
- Изградба на водоводен систем во с. Калково – изградба на каптажа, доводен цевковод – крак 1 и дел од секундарна мрежа во с. Калково;
  Проектот ќе се финансира согласно договорот склучен помеѓу Република С. Македонија и Европската Инвестициона Банка, а ќе го спроведува Министерството за животна средина и просторно планирање;
  - Вкупна вредност на инвестицијата 36.492.937,00 денари.
- Реконструкција и спроведување на мерки за енергетска ефикансост за Зграда на Општина Валандово;
  Проектот ќе се финансира како под-заем од средства од Проектот за енергетска ефикансот во јавниот сектор (ПСЕЕП), преку Министерство за финансии;
  - Вкупна вредност на инвестицијата 11.738.416,00 денари.
- Реконструкција и спроведување на мерки за енергетска ефикансост за ЈОУ Дом на Култура „25-ти Мај“ Валандово;
  Проектот ќе се финансира како под-заем од средства од Проектот за енергетска ефикансот во јавниот сектор (ПСЕЕП), преку Министерство за финансии;
  - Вкупна вредност на инвестицијата 11.348.923,00 денари.
- Изградба на капела на градски гробишта во Валандово.
  Проектот ќе се финанира од Законот за финанирање на единиците на локалната самоуправа, а во врска со Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на транспортот за 2024 година. Финансиските средства се доделени со Договор за користење на финансиски средства склучен помеѓу Министерството за транспорт и Општина Валандово.
  - Вредноста на инвестицијата е 18.424.421,00 денари.
- Изградба на затворен пливачки базен во Валандово.
  Проектот ќе се финанира од Законот за извршување на Буџетот на РСМ за 2025 година и Програмата за користење на капиталните дотации за финансирање на инвестициони проекти на општините и општините во Градот Скопје, а во врска со Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на образованието и науката. Финансиските средства се доделени со Договор за користење на финансиски средства склучен помеѓу Министерството за образование и наука и Општина Валандово.
  - Вкупна вредност на проектот 61.488.722,00 денари.
- Реконструкција на основно училиште ПУ „Даме Груев“ Брајковци.
  Проектот ќе се финанира од Законот за извршување на Буџетот на РСМ за 2025 година и Програмата за користење на капиталните дотации за финансирање на инвестициони проекти на општините и општините во Градот Скопје, а во врска со Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на образованието и науката. Финансиските средства

се доделени со Договор за користење на финансиски средства склучен помеѓу Министерството за образование и наука и Општина Валандово.

- Вкупна вредност на проектот 10.589.869,00 денари.

- Адаптација на ЈП Комунален сервис во Валандово и поставување на фотоволтаични панели за произвдоство на електрична енергија.
  Проектот ќе се финанира од Законот за извршување на Буџетот на РСМ за 2025 година и Програмата за користење на капиталните дотации за финансирање на инвестициони проекти на општините и општините во Градот Скопје, а во врска со Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на транспортот. Финансиските средства се доделени со Договор за користење на финансиски средства склучен помеѓу Министерството за транспорт и наука и Општина Валандово.
  - Вкупна вредност на проектот 6.525.094,00 денари.
- Реконструкција на доводен цевковод од постоечка пумпна станица до постоечки резервоар на град Валандово и до постоечки резервоар на с. Чалакли, главен цевковод од постоечки резервоар на град Валандово до приклучок на с. Раброво и доводен цевковод од приклушок на с. Раброво до пумпна станица во с. Дедели, општина Валандово.
  - Вкупна вредност на проектот 57.569.554,00 денари.
- Поставување на Е-полнач како урбана опрема – Полнач за електрични автомобили на паркинг пред спортска сала Филип II Македонски.
  - Вкупна вредност на проектот 6,285,076,00 денари.
- Доколку се обезбедат средства ќе се изврши замена и ќе се инсталираат марни инструменти за далечинско отчитување комплет со инсталација и конфигурација на опрема за отчитување во Општина Валандово. Проектираната вредност на овој проект е 47.644.506,00 денари.
- Изградба на Претчестителна станица за отпадни води.
  - Вкупна вредност на проектот е 237.132.123,00 денари.

  Доколку се обезбедат истите средства ќе се отпочне со изградба;
- Изградба на улица Новопроектирана 1, во Валандово;
  - Вредност на инвестицијата 7.315.067,80 денари.
- Основен проект за реконструкција на улици во Марвинци (улица 3, улица 2А, улица 2В);
  - Вкупна вредност на проектот е 5.442.455,00 денари.
- Основен проект за реконструкција на улици во Марвинци (улица 1, улица 4, улица 5);
  - Вкупна вредност на проектот е 11.695.947,00 денари.
- Основен проект за реконструкција на улици во Брајковци (улица 1, улица 4, улица 5);
  - Вкупна вредност на проектот е 9.102.508,00 денари.
- Основен проект за реконструкција на улици во Пирава (улица 1, улица 2);
  - Вкупна вредност на проектот е 12.135.887,00 денари.
- Основен проект за реконструкција на улици во Раброво;
  - Вкупна вредност на проектот е 16.831.962,50,00 денари.
- Основен проект за реконструкција на улици во Горна Маала - Јосифово;
  - Вкупна вредност на проектот е ,00 денари.
- Поставување на бесплатни WiFi зони;

Проектот е донација од ЕУ и Германска Влада.

- Проект: Зајакнување – Вклучување на лицата со попреченост;

  Проект за кој Општина Валандово има потпишано Договор за партнерство за спроведување на заеднички проект со Здружение Институт за развој на заедницата – ИРЗ Тетово.

  - Вкупната вредност на проектот е 103,400,00 евра, од кои општината ќе обезбеди средства од 37.000,00 евра во денарска противвредност, според средниот курс на НБС на денот на плаќањето; (2025-2027)

Освен имплементацијата на проекти кои се финансирани од домашни и странски донатори, во 2026 година се предвидуваат и проекти кои ќе се реализираат од Буџетот на општина Валандово.

- Уредување на централно градско подрачје;
- Реконструкција на улица Маршал Тито во Валандово и замена на водоводна линија;
- Изградба на улица во населба Странец;
- Изработка на техничка документација за изградба на канализационен систем за канализирање на атмосферски и фекални отпадни води за населба Странец;
- Изработка на техничка документација за изградба на водоводен систем во населба Странец во Валандово.
- Поставување на урбани паноа на булевар „Првомајска“ и улица „Моша Пијаде“ во Валандово;
- Изработка на техничка документација за реконструкција на Дом на култура во село Јосифово;
- Уредување на инфраструктура во индустриски зони;
- Уредување и изградба на училишни спортски игралишта;
- Поставување на рефлектори на фудбалско игралиште во село Пирава;
- Изградба, реконструкција и санација на улици на територијата на општина Валандово;
- Изградба на паркови на територија на Општина Валандово;
- Поставување на автобуски постојки во населените места;
- Парк Шума – следни фази;
- Уредување на простор наменет за продажба на земјоделски производи;
- Изведување на градежни работи за канализирање на атмосферски и фекални отпадни води;
- Поставување на хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација со забавувачи на сообраќајот во Општина Валандово;
- Санација на внатрешни ѕидови во детска градинка во Брајковци;
- Изработка на техничка документација за мултифункционална сала во Чалакли;
- Изработка на основен сообраќаен проект за град Валандово;
- Паркинг места во Валандово;
- Реконструкција на соблекувални на фудбалски стадион во Валандово.

## 4.Финансирање

Активностите на Општина Валандово од областа на Локалниот економски развој утврдени со оваа Програма, ќе се финансираат од средства од Буџетот на Општина Валандово за 2026 година, средства од Буџетот на Република С. Македонија, меѓународни донатори и под-заем.

**5. Завршни одредби**

Градоначалникот на општина Валандово се грижи и го обезбедува спроведувањето на оваа Програма.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Валандово”.

Совет на општина Валандово
Претседател
Марија Чурлинова